СУ-04-8/24

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА Петре Србиновски,** во врска со објавениот Јавен оглас број 1/2024 на Апелациониот суд Битола за вработување на определено време, согласно чл.14 и чл.21 од Законот за работни односи, на ден 06.02.2024 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Од пријавените кандидати кои ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени во Јавниот оглас бр. 1/2024 на Апелационен суд Битола за вработување на определено време до 31.12.2024 година се врши следниот избор:

1. За работното место “Судски референт – дактилограф“ , категорија „Г“, ниво „Г3“, 1 (еден ) извршител , СЕ ИЗБИРА кандидатот Дијана Стојановска од Битола ул.“ Козјак “ бр.101.

2. За работното место, “Судски референт – извршител во писарница“, категорија „Г“, ниво „Г3“ , - 2 (два) извршители, СЕ ИЗБИРААТ кандидатите Симона Стојчевска од Ресен ул.“4 бр.14/6 со престојувалиште во Битола ул.“Смилевски Конгрес“ (ЈНА) бр.32/7 и Кристина Србиновска од Битола ул.“ Пожаревачка “ бр.51

Со избраните кандидати да бидат склучени Договори за вработување на определено време.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Согласноста на Министерството за финансии број 19 – 841/2 од 24.01.2024 година и известувањето на Судскиот буџетски совет број 08-69/3 од 24.01.2024 година, Апелациониот суд Битола во два дневни весници – „Вечер“ и „Коха“, објави Јавен оглас за вработување на определено време на 1(еден) извршител на работното место Судски референт- дактилограф, и 2 ( извршители) на работно место Судски референт – извршител во писарница .

По истекот на рокот за пријавување на Огласот, Претседателот на Судот од редот на пријавените кандидати на Огласот изврши избор како во изреката на решението согласно чл.21 од Законот за работни односи.

Апелационен суд Битола на ден 06.02.2024 година.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**Претседател,**

**Петре Србиновски**